Бр./Nr 12-2684/2
28-11-2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 24-та седница одржана на 03.11.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 12-2684/1 од 09.10.2025 година, оформен по пријава од непознат подносител со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес за локалните избори 2025 година **СЕ ЗАПИРА**, поради тоа што не се констатирани повреди на закон.

Предметот со бр. 12-2684/1 од 09.10.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија од страна на непознат подносител на ден 09.10.2025 година е доставена пријава со сомневања за прекршувања и нерегуларности во изборниот процес за локалните избори 2025 година, по која е оформен предмет со бр. 12-2684/1 од 09.10.2025 година. Подносителот во пријавата укажува на потенцијална опасност од повреда на одредбите од Изборниот законик за време на изборниот молк и на денот на изборите од страна на политичката партија ----- заради тоа што нејзиниот изборен штаб се наоѓал во непосредна близина на избирачките места со број ----, ---- и ----, сместени во Средното гимназиско училиште „--------" во -------.

Државната комисија при постапувањето по пријавата го имаше предвид фактот дека во истата не се укажува на конкретни преземени дејствија кои претставуваат повреда на одредбите од Изборниот законик, туку се посочува на

можна опасност да дојде до повреда на тие одредби за време на изборниот молк и на денот на гласањето, но и дека надлежност да обезбеди почитување на роковите за започнување и за завршување на изборната кампања има Државната изборна комисија.

Од наведените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изработил: м-р Ф.О.,Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М. Член на ДКСК